ЗАПИСНИК

Од второто продолжение на 51-вата седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 06.08.2024 г. со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата присутни беа 9 (девет) членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Горан Велјановски, Николче Димовски, Александар Канзуровски, Наумче Смилевски, Пецо Дојчиновски, Иванчо Котевски, Сузана Јовановска и Љупчо Петровски.

На седницата беше присутна Анета Киселоска - раководител во општинската администрација.

Претседателката на Советот го отвори второто продолжението на 51вата седница на Советот на Општина Новаци со точките од дневниот ред кои не беа разгледани на седницата одржана на 29.07.2024г. и 01.08.2024г.

6. Разгледување на Финансиска програма за сезона 2024/2025 год. на ЗФК „Новаци 2005“;
7. Разгледување на Финансиска програма за сезона 2024/2025 год. (младинска школа) на ЗФК „Новаци 2005“;
8. Разгледување на барање од ЗФК „Новаци 2005“ за фарбање на соблекувална во фудбалско игралиште;
11. Советнички прашања.

6 точка Разгледување на Финансиска програма за сезона 2024/2025 год. на ЗФК „Новаци 2005“;

Славица Најдовска Стојковска: На продолжението на 51-вата седница ги разгледавме овие две точки 6 и 7, го слушнавме Претседателот на ЗФК „Новаци 2005“, ги прифативме барањата-финансиските извештаи како барања по јавниот повик, Комисијата за финансии, буџет и Лер, даде позитивно мислење, па да продолжиме со расправа по точка 6.

По кратка дискусија се премина на гласање и со **7 гласа за, 1 воздржан, 1 не гласа,** се одобри/усвои Финансиската програма за сезона 2024/2025 год. на ЗФК „Новаци 2005“;

7 точка Разгледување на Финансиска програма за сезона 2024/2025 год. (младинска школа) на ЗФК „Новаци 2005“;

Славица Најдовска Стојковска: Како и за точка 6, и оваа точка за Финансиската програма за сезона 2024/2025 год. (младинска школа) на ЗФК „Новаци 2005“, разгледана е и дискутирана на продолжението на 51-ва седница, Комисијата за финансии, буџет и Лер, даде позитивно мислење, па дололку нема други прашања, да преминиме на гласање.

Финансиската програма за сезона 2024/2025 год. (младинска школа) на ЗФК „Новаци 2005“ се одобри/усвои со **7 гласа за, 1 воздржан, 1 не гласа.**

8 точка Разгледување на барање од ЗФК „Новаци 2005“ за фарбање на соблекувална во фудбалско игралиште;

Славица Најдовска Стојковска: Барањето е разгледано на Комисијата за финансии, буџет и Лер, даде позитивно мислење, и отвори дискусија. Бидејќи немаше прашања, се премина на гласање и барањето беше усвоено со **5 гласа за, 2 воздржани, 2 не гласаа.**

11 точка Советнички прашања.;

Бидејќи немаше советнички прашања, 51-вата седница на Советот на Општина Новаци, се прогласи за завршена.

Записничар: Анета Киселоска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска